ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0202-4150/5
Дата, Data 14-05-2025
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 25 од Статутот на ЈП Водовод и каналзиација – Скопје, а во врска со член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Управниот одбор на ЈП Водовод и канализација -Скопје на својата педесет и девета седница одржана на 14.05.2025 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на листа на информации од јавен карактер и од надлежност на ЈП Водовод и канализација -Скопје

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува листата на информации од јавен карактер кои ги создал и со кои располага Јавното претпријатие Водовод и канализација –Скопје, во остварувањето на своите надлежности утврдени со закон.

Во листата на информации од јавен карактер спаѓаат:

- Статут на ЈП Водовод и канализација –Скопје;
- Програми за работа и развој на ЈП Водовод и канализација –Скопје;
- Годишни извештаи за работа на ЈП Водовод и канализација –Скопје;
- Извештаи на независни ревизори;
- План за јавни набавки на ЈП Водовод и канализација -Скопје;
- Одлуки за утврдување на тарифа за снабдување со вода за пиење или водоснабдување;
- Одлуки за утврдување на тарифа за собирање и одведување на урбани отпадни води;
- Одлуки за утврдување на тарифа за прочистување на отпадни води;
- Одлука за утврдување корисници со бенифицирани цени;
- Одлука за ослободување од плаќање на дел од потрошена вода на корисници кои примаат постојана парична помош;
- Ценовник на услуги што ги врши ЈП Водовод и канализација –Скопје;
- Упатство за работа на комисијата за спорни сметки;
- Решение за формирање на Комисија за спорни сметки;
- Правила за работен ред и дисциплина во ЈП Водовод и канализација – Скопје, и
- Кодекс на однесување на вработените во ЈП Водовод и канализација - Скопје;

Член 2

Заштитени од правото за слободен пристап до информации од јавен карактер се сите лични податоци на вработените во претпријатието (согласно Законот за заштита на личните податоци), податоците од тековното материјално-финансиско работење по сите основи и сите информации утврдени во членот 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, како исклучок од слободен пристап до информации.

Член 3

Листата на информации од јавен карактер, односно оваа Одлука се објавува на веб страницата на ЈП Водовод и канализација -Скопје.

Член 4

Директорот на Јавното претпријатие ги определува службените лица за посредување со информации.

Директорот на Јавното претпријатие определува простории за увид во информациите и должен е да ги обезбеди сите потребни услови за примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Член 5

Со денот на донесување на оваа Одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на листа на информации од јавен карактер и определување на службени лица за посредување со информации Бр.0202-238/11 од 10.01.2018 година.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Член 7

Примерок од оваа Одлука да се достави до: директорот на јавното претпријатие, службените лица за посредување со информации; лицето задолжено за уредување на веб-страницата и архивата на претпријатието.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, имателот на информации е должен редовно и ажурно да води листа на информации и да ги објави на начин достапен до јавноста (интернет страници, огласна табла и др.).

Согласно член 8 од истиот Закон, имателот на информации е должен да определи едно или повеќе службени лица за посредување со информации.

Имателот на информации исто така е должен да обезбеди простории за увид во документацијата (член 11), да ја информира јавноста за начинот и условите за пристап до информации (член 36), да ја определи и објави цената на материјалните трошоци за препис, фотокопија, електронски запис или слично, да обезбеди Образец на писмено Барање (член 16 став 1), Образец на службена белешка и слично.

Врз основа на горенаведеното се донесе Одлука како во диспозитивот.

УПРАВЕН ОДБОР
KËSHILLI DREJTUES
Претседател/Kryetar,
Идриз Орана/Idriz Orana